ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден **23.09.2019 година** во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Борјанчо Мицевски**,Секретар на општина **Љубомир Младенов,**Раководител на Одделение за правни и општи работи **Јаготка Николовска** , Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на човечки ресурси **Игор Додевски**,Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски**, Раководител на Одделение за јавни дејности ,економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски** Раководител на Одделение за урбанизам ,сообраќај и заштита на животна средина **Маја Костадиновска,** Директор на ЛУ Градски Музеј **Драган Величковски** и Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски.**

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

**ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ**

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски го водеше состанокот на колегиум, при што беа донесени следните заклучоци:

**Секретар**

- Да се оствари средба со Градежниот испектор од Кратово со присуство на Раководител на Одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, пензиониран овластен градежен инспектор Александар Ангелов и Ненад Митовски

-Координација на Секретарот на општина со Раководител на Одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски околу решавање на ургентните предмети

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

-Да се одржи состанок на ден 24.09.2019 година околу организацијата и протоколот за 07.10 и 08.10.2019 со вработените кои се задолжени околу организацијата

-Задолжени вработени околу протоколот и организацијата за седницата 07.10.2019 и 08.10.2019:-Мартин Николовски, Драган Величковски, Лидија Митовска, Валентина Ангеловска, Сашко Додевски и Лилјана Стојановска.

**Одделение за финансиски прашања**

-Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Тековни активности

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

- Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Антонио Давитковски да искординира со Стојанче Величковски околу плакетите за 8-ми Октомври во текот на денот.

-Да се даде налог за прочистување на локални земјани патишта на Дине Трејд за с.Црцорија , с.Киселица,Крстов дол и др.

-Да се исконтактира Министерството за финансии за Проктот преку Светска банка и до крајот на месецот да се направи координација и да се достават потребните документи.

-Да се продолжи со активностите на фирмата Лабино Трејд во наредниот период и преостанатите средства од договорот да се искористат за крпење на ударни дупки во град Крива Паланка на ул.8ми Октомври ,ул.Херој Карпош(Бавчалак) ,Осичка мала како и на локални патишта во атар на с.Мождивњак , с.Борово и други локални патишта каде има крирични ударни дупки .

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

-Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

- Да се направи согледување за Стратегија или Програма за мобилност

-Да се контактира со други општини која е постапката и колку би чинела за поставување на подземни контејнери

-После 10.10.2019 година да се направи средба со комисијата за Урбанизам и Градоначалник во врска со изработка на ГУП.

-Тековни активности

**Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија**

Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Задолжени вработени околу протоколот и организацијата за седницата 07.10.2019 и 08.10.2019 :

-Мартин Николовски, Драган Величковски ,Лидија Митовска, Валентина Ангеловска, Сашко Додевски и Лилјана Стојановска

- да се продолжи со подготовка на настанот Шопска софра од страна на Валентина Ангеловска

- за 8-ми Октомври да се подготоват покани и истите да бидат проследени до Советници и институции. задолжена Лидија Митовска

-Да се наполни системот и да се направи координација со Слаѓана Мицевска околу презентација на ГИС.

**Одделение за човечки ресурси**

Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се изготви Покана за официјална средба помеѓу Градоначалниот и Јапонска амбасада.

- Да се продолжи со постапката за оценување на административни службеници (собирање на табели за оценувачи).

- со Секретарот да се направи координација со Генералниот Секретар на Владата во врска со пренесување во трајно користење на земјиштето.

-Тековни активности

**Одделение за правни и општи работи**

Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-За Решенија за данок на имот кои биле дадени на ЈП Комуналец да биде завршено

-Да се направи согледување за старите автобуси и по потреба да се донесе одлука на совет.

**Одделение за инспекциски надзор**

Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Во текот на денот да се проверат депонираните салонитни плочи во м.в. Самокоф со налог за нивно дислоцирање ако не се најде сопственикот да се размисли за соодветна локација до нареден колегиум.

-Контрола на сите јавни површини од страна на комуналните радари со конкретна информација.

-Задолжување на материјали од страна на Гоце Георгиевски од 8 - 9 30 после да биде задолжен со работните обврски на терен.

-Огревното дрво на јавните површини може да биде оставено до 3 дена, по кој рок да се издаваат опомени и задолжение за негово отстранување од јавните површини.

**ЈП Комуналец**

Од страна на директорот на ЈП Комуналец беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да излезе екипа од ЈП Комуналец на лице место во с.Мождивњак и да се види каква е ситуацијата со водоводот исто така да се направи проценка и спецификација. Да се даде информација за превземените активности за наредниот колегиум.

-При собирање на сметот да се изврши метење и чистење околу контејнерите

-Да се даде налог на вработените околу расчистување на градот и останатите терени со косење чистење и уредување , расчистување на делот од патеката и отстранување на вегетацијата заклучно до 01.10.2019 година

-Решетката спроти Облаче да биде исчистена оваа недела поради барање на граѓаните
Да се даде налог за чистење на речното корито и отстранување на врбите.

**ЛУ Градски Музеј**

Од страна на директорот на ЈП Комуналец беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Тековни активности

**23.09.2019 година, Крива Паланка**

**Изготвил: Клара Стевановска**